# Владеење на правото во поглед на пристапувањето во ЕУ

краток документ

јули - септември 2025 г.

Институт за европска политика. Скопје

ЕУ со ТЕБЕ

Овој проект е финансиран од Европската унија



# Владеење на правото во поглед на пристапувањето во ЕУ

Квартален извештај јули - септември 2025 г.

Издавач:
Институт за европска политика - Скопје

За издавачот:
д-р Симонида Кацарска

Уреднички:
д-р Симонида Кацарска
д-р Ардита Абази Имери

Автори:
Ардита Вејсели
Беба Жагар
Јулијана Караи
Петар Барлаковски

Превод од англиски на македонски јазик:
Наташа Колеќевска Георгиевска

Лектор:
Дејан Василевски

Графички дизајн:
Релатив

Скопје, 2025

Овој извештај е подготвен во рамки на проектот „Градиме мостови за заедничка иднина: Владеењето на правото во насока на пристапувањето во ЕУ“, финансиран од Европската Унија. Содржината на овој краток документ за политики е единствена одговорност на авторите и на никој начин не може да се смета дека ги претставува ставовите и гледиштата на Европската Унија.



Овој краток документ дава преглед на клучните случувања поврзани со владеењето на правото во поглед на пристапувањето на Северна Македонија во ЕУ за периодот од јули до септември 2025 година. Тој вклучува **следење на основните елементи на пристапувањето во ЕУ, вклучувајќи ги и клучните случувања во областа на функционирањето на демократските институции, реформата на јавната администрација и Поглавјето 23: правосудство и темелни права.**

## Клучни случувања

» Во јули беа донесени три клучни закони за РЈА: Законот за административни службеници, Законот за вработените во јавниот сектор и Законот за стручно усовршување на административните службеници.

» Беше усвоена Програмата за реформа на управувањето со јавните финансии (УЈФ) за периодот 2025–2028 година, заедно со нејзиниот Акциски план за 2025 година.

» На почетокот на август, Собранието ги објави претстојните локални избори - осми по ред од прогласување на независноста на земјата.

» Во исто време, беше објавен оглас за избор на нов претседател на ДКСК; меѓутоа, изборот беше одложен поради претстојните локални избори во земјата.

» ДИК усвои нов правилник што им овозможува на независните кандидати да се кандидираат на претстојните локални избори со потписи од само двајца граѓани.

» Формирана е новата Комисија за избор на кандидати за судии во ЕСЧП, а во септември беше објавен нов јавен оглас за пријавување.

» Во јули, Собранието одлучи да објави јавен оглас за избор на нов Народен правобранител; меѓутоа, изборот сè уште не е направен, па затоа канцеларијата на Народниот правобранител сега функционира само со двајца заменици-народни правобранители за целата земја.

» Нацрт-законот за пробација беше објавен.

» Во септември беше донесен Законот за пристапност на веб-страниците и мобилните апликации на институциите од јавниот сектор.

» Кон крајот на септември се одржа конститутивната седница на Националното координативно тело за спроведување на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство.

» Во август беше усвоен Националниот акциски план за правата на децата 2025–2029.



# Список на кратенки

| | |
|---|---|
| АА | Агенција за администрација |
| ААВМУ | Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги |
| ЗНМ | Здружение на новинари на Македонија |
| ОЈО | Основно јавно обвинителство |
| ОЈО ГОКК | Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција |
| ЦЕФ | Центар за извонредност во финансиите |
| КСЗД | Комисија за спречување и заштита од дискриминација |
| ГО | Граѓански организации |
| ЦУП | Центар за управување со промени |
| ДГАФП (DGAFP) | Генерален директорат за администрација и државна служба |
| ДУИ | Демократска унија за интеграција |
| ЕКЧП | Европска конвенција за човекови права |
| ЕСЧП | Европски суд за човекови права |
| ЕНЕР | Единствен национален електронски регистар на прописи |
| ЕП | Европски парламент |
| ЕУ | Европска Унија |
| ГРЕКО | Група на држави против корупцијата при Советот на Европа |
| РА | Разузнавачка агенција |
| ИНСП (INSP) | Национален институт за јавна администрација на Франција |
| ЛГБТИ+ | Лезбиски, геј, бисексуални, транс и интерсексуални лица |
| МОН | Министерство за образование и наука |
| МНР | Министер за надворешни работи и надворешна трговија |
| ПС | Пратеник во Собранието |
| МЈА | Министерство за јавна администрација |
| НАТО | Северно-атлантска договорна организација |
| АНБ | Агенција за национална безбедност |
| ОЕЦД | Организација за економска соработка и развој |
| РЈА | Реформа во јавната администрација |
| АЗЛП | Агенција за заштита на лични податоци |
| УЈФ | Управување со јавни финансии |
| РеСПА | Регионална школа за јавна администрација |
| ДЗР | Државен завод за ревизија |
| ДКСК | Државна комисија за спречување на корупцијата |
| ДИК | Државна изборна комисија |
| СИГМА | Поддршка за подобрување во владеењето и управувањето |
| СДСМ | Социјалдемократскиот сојуз на Македонија |
| ССНМ | Самостоен синдикат на новинари и медиумски работници |
| SPACE I | Годишни казнени статистички податоци за затворската популација |
| ОН | Обединети нации |
| УНЦРЦ | Конвенцијата за правата не детето на Обединетите нации |
| УПОЗ | Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани |
| ВМРО-ДПМНЕ | Внатрешна македонска револуционерна организација – Демократска партија за македонско национално единство |
| ЗОРОДУ | Закон за организација и работа на органите на државната управа |



# Содржина


**Функционирање на демократските институции** .......... 6

Избори .......... 7
Владеење .......... 9
Граѓанско општество .......... 10
Цивилна контрола врз безбедносниот/разузнавачкиот сектор .......... 10
Реформа на јавната администрација .......... 11

**Поглавје 23** .......... 13

Функционирање на судството .......... 14
- Управни тела .......... 14
- Независност и непристрасност .......... 14
- Отчетност .......... 14
- Професионализам и компетентност .......... 14
- Квалитет на правдата .......... 15
- Ефикасност .......... 16

Борба против корупцијата .......... 17
- Државна комисија за спречување на корупција .......... 17
- Јавно обвинителство .......... 18

Темелни права .......... 20
- Судска практика на Европскиот суд за човекови права .......... 20
- Народниот правобранител .......... 21
- Затворски и притворски установи .......... 22
- Заштита на личните податоци .......... 23
- Слобода на изразување .......... 23
- Ранливи групи и начелото на недискриминација .......... 25
- Род .......... 26
- Правата на детето .......... 28
- ЛГБТИ+ .......... 28
- Роми .......... 29

# Функционирање на демократските институции



# Избори

На 9 август, Собранието ги објави претстојните локални избори - осми по ред од прогласување на независноста на земјата. Првиот круг за избор на градоначалници и советници во 80 општини и Градот Скопје ќе се одржи на 19 октомври. Во општините каде што изборот на градоначалник нема да биде завршен во првиот круг, вториот круг е закажан за 2 ноември. За време на овие избори, граѓаните ќе гласаат за градоначалници и советници во 80 општини, и Градот Скопје.[1] На истиот ден Државната изборна комисија (ДИК) го усвои роковникот за локалните избори по објавување на истиот од страна на претседателот на Собранието. Изборната кампања за првиот круг започнува на 29 септември и ќе трае континуирано до 17 октомври. Кампањата за вториот изборен круг ќе трае до 31 октомври.[2] Само неколку дена подоцна, поранешната претседателка на Државната комисија за спречување на корупција (ДКСК) и сегашен независен кандидат за градоначалничка на Општина Центар објави на својот Фејсбук профил дека, само 11 часа по објавувањето на нејзината кандидатура, полициски службеници ја посетиле во нејзиниот дом за да ја информираат за кривичната постапка што е покрената против неа.[3] Основното јавно обвинителство Скопје се произнесе за кривичната пријава против поранешната претседателка на ДКСК и сегашна независна кандидатка за градоначалник на Општина Центар, истакнувајќи дека станува збор само за покана на разговор и дека нема никаква врска со нејзините политички активности.[4] Следниот ден, на посебна седница, Собранието гласаше за предложените измени на Изборниот законик со кои ќе се бара од независните листи на советници и кандидати за градоначалници да соберат потписи од 0,95 проценти од регистрираните гласачи во дадената општина или Градот Скопје. За време на комисиската дебата, политичката партија Левица предложи амандман за намалување на прагот од 0,95 проценти на 0,5 проценти - амандман поддржан од сите партии освен Европскиот фронт. Кога предлогот се врати на пленарна седница, 66 пратеници гласаа „за", а 18 беа „против". Сепак, за време на гласањето на немнозинските заедници, 11 пратеници ги поддржаа амандманите, додека 18 гласаа „против", што резултираше со нивно отфрлање поради отсуството на Бадентеровото мнозинство.[5]

Следниот ден ДИК усвои нов правилник што им овозможува на независните кандидати да се кандидираат на претстојните локални избори со потписи од само двајца граѓани. Според овој правилник, независните кандидати и за градоначалници и за советници мора да соберат по два потписа за да можат да се кандидираат за учество на изборите. Одлуката беше усвоена на седница со шест гласа „за" и еден „против". Правилникот беше предложен од член на ДИК кој се повика на членот 63 од Изборниот законик, истакнувајќи дека тој останува на сила и ја регулира постапката за собирање потписи за номинирање на кандидати, и покрај тоа што членот 62 - којшто конкретно се однесува на локалните избори - беше укинат од Уставниот суд.[6] Потоа, член на ДИК поднесе тужба до Управниот суд, оспорувајќи го Упатството на ДИК за бројот на општински советници, по владината одлука врз основа на пописот од 2021 година, со која се намали бројот на советници во 14 општини. Одлуката беше донесена со пет гласа „за" и еден „против",

1 Решение за распишување на избори за членови на советите на општините и советот на Град Скопје и за градоналачници на општините и за градоначалник на Град Скопје, Државна изборна комисија, 9 август 2025, https://www.sec.mk/lokalni-izbori-2025/

2 Исто

3 Ивановска: 11 часа откако ја објавив кандидатурата за градоначалничка на Општина Центар, полицајци затропаа на мојата врата), 360 Степени, 15 август 2025, https://360stepeni.mk/ivanovska-11-chasa-otkako-ja-objaviv-kandidaturata-za-gradonachalnichka-na-opshtina-tsentar-politsajtsi-zatropaa-na-mojata-vrata/

4 Обвинителството за кривичната пријава за Ивановска: Поканата за испитување во ниту еден случај не е поврзана со нејзините политички активности, 360 Степени, 15 август 2025, https://360stepeni.mk/obvinitelstvo-za-krivichnata-prijava-za-ivanovska-pokanata-za-ispituvane-vo-nitu-eden-sluchaj-ne-e-povrza-na-so-nejzinite-politichki-aktivnosti/

5 Не поминаа измените на Изборниот законик – се усвои амандман, но немаше Бадинтер, Фокус, 16 август 2025, https://fokus.mk/ne-pominaa-izmenite-na-iz-borniot-zakonik-se-usvoi-amandman-no-nemashe-badinter/

6 ДИК донесе правилник – независните да се кандидираат на локалните избори со два граѓански потписа, 360 Степени, 17 август 2025, https://360stepeni.mk/dik-donese-pravilnik-nezavisnite-da-se-kandidiraat-na-lokalnite-izbori-so-dva-graganski-potpisa/

и покрај барањето на членот на ДИК за гласање со консензус. Општина Гостивар доживеа најголемо намалување, од 31 на 23 советници, што одразува пад на населението од 80.000 во 2002 година на 60.000 во 2021 година. Опозициската партија ДУИ, исто така, поднесе жалба до Уставниот суд, тврдејќи дека одлуката е неуставна и ги маргинализирала Албанците. Во исто време, ВЛЕН ја критикуваше ДУИ за тоа што дозволила во пописот да се прави разлика помеѓу жители и нерезиденти.[7] Во септември, Собранието усвои Декларација за одржување фер, слободни и демократски избори за советите на општините и градот Скопје, со 73 гласа „за“ и ниту еден „против“. Поднесена од претседателот на Собранието и координаторите на пратеничките групи, Декларацијата нагласува надпартиско единство, почитување на правото на глас на граѓаните и осуда на семејното и групното гласање како средство за манипулирање со резултатите од изборите.[8] Потоа, Уставниот суд одлучи да не покрене постапка во врска со Правилникот на ДИК, кој им овозможува на независните кандидати за градоначалници и советници да се кандидираат на локалните избори на 19 октомври со само два потписи. Судот заклучи дека постапката на ДИК била неопходна за да се обезбеди учество на независните граѓани во изборниот процес и да се почитува Уставот и Изборниот законик.[9]

Дополнително, неколку дена подоцна, Уставниот суд одлучи да не покрене постапка во врска со одлуката на Владата за намалување на бројот на советници во одредени општини. По 20. седница, претседателот на Судот и судијата известител одржаа прес-конференција на која одговорија на прашањата во врска со одлуката за утврдување на бројот на општински советници во Македонија. Случајот стигна до Судот откако беа поднесени три иницијативи од пратениците на Европскиот фронт со кои се оспоруваше одлуката на Владата.[10] На крајот од месецот, ДИК го заклучи избирачкиот список, потврдувајќи дека 1.832.415 граѓани имаат право на глас. Ова вклучуваше 112.000 гласачи кои привремено се во странство, 2.162 гласачи кои се во притвор или издржуваат затворски казни и 450 гласачи кои живеат во домови за стари лица.[11] Конечно, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ААВМУ) едногласно усвои упатство за радиодифузерите за локалните избори во 2025 година, со кое реално ја лишија партијата Левица од пристап до платено политичко рекламирање. Како одговор, Левица поднесе жалба до ААВМУ, тврдејќи дека упатството ги дискриминира помалите парламентарни партии и бараше итни измени.[12]

---

7 Дитмире Шеху поднесе тужба до Управен суд против ДИК за намалувањето на бројот на советници, Телма, 25 август 2025, https://telma.com.mk/2025/08/25/ditmire-shehu-podnese-tuzhba-do-upraven-sud-protiv-dik-za-namaluvaneto-na-brojot-na-sovetniczi/

8 Собранието изгласа Декларација за фер, слободни и демократски избори, Нова Македонија, 12 септември 2025, https://novamakedonija.com.mk/makedonija/sobranieto-izglasa-deklaracija-za-fer-slobodni-i-demokratski-izbori/

9 Уставен не поведе постапка за Правилникот на ДИК: Независните може да учествуваат на избори со два потписи, 360 Степени, 17 септември 2025, https://360stepeni.mk/ustaven-ne-povede-postapka-za-pravilnikot-na-dik-nezavisnite-mozhe-da-uchestvuvaat-na-izbori-so-dva-potpisi/

10 Уставен не поведе постапка за владината одлука за намален број советници во дел од општините, Фокус, 24 септември 2025, https://fokus.mk/ustaven-ne-povede-postapka-za-vladinata-odluka-za-namalen-broj-sovetnitsi-vo-del-od-opshtinite/

11 ДИК го заклучи избирачкиот список – право на глас имаат 1 832 415 избирачи, 360 Степени, 26 септември 2025, https://360stepeni.mk/dik-go-zakluchi-izbirachkiot-spisok-pravo-na-glas-imaat-1-832-415-izbirachi/

12 Усвоено спорното упатство – Левица нема да може да се рекламира, Телевизија 24, 26 септември 2025, https://24.mk/details/usvoeno-spornoto-upatstvo-levica-nema-da-mozhe-da-se-reklamira

# Владеење

Родителите на жртвите од трагичниот пожар во Кочани продолжија со своите протести. Во текот на периодот што е предмет на извештајов, тие, заедно со роднини, пријатели и поддржувачи, маршираа низ градот секоја сабота во рамките на „Маршот на ангелите“, барајќи правда и одговорност за жртвите.[13] Во врска со судската постапка поврзана со пожарот во Кочани, случајот - покренат по поднесено обвинение од страна на Основното јавно обвинителство Кочани при Основниот суд Кочани - е префрлен во Основниот кривичен суд Скопје. Ова следеше по одлука на Врховниот суд на Република Северна Македонија, кој го прифати предлогот и го определи Основниот кривичен суд Скопје како надлежен и со територијално јурисдикција да постапи по обвинението. Врховниот суд ја донесе оваа одлука откако утврди дека основните судови во Штип и Струмица немаат доволен број кривични судии.[14]

Во јули, Собранието, со 71 глас „за“ и ниту еден глас „против“ или „воздржан“, ја одобри интерпелацијата за работата на Државниот јавен обвинител, поднесена од партијата Левица. Собранието заклучи дека обвинувањата против обвинителот се основани и го проследи овој заклучок до Владата и Државниот јавен обвинител.[15] Следниот ден, државниот јавен обвинител објави дека нема да поднесе оставка и дека наместо тоа ќе се фокусира уште повеќе на својата работа.[16]

Во меѓувреме, министерот за надворешни работи и надворешна трговија (МНР) и британскиот министер за надворешни работи потпишаа Декларација за стратешко партнерство меѓу Северна Македонија и Обединетото Кралство во Министерството за надворешни работи во Лондон. Според министерот, договорот ги зајакнува стратешките односи меѓу двете земји, подобрувајќи ја соработката во надворешната политика, безбедноста и одбраната, особено во рамките на НАТО.[17]

Во исто време, вкупно 828 проекти во вредност од 225 милиони евра беа потпишани меѓу Владата и општините кои аплицираа и беа избрани во вториот повик за финансирање преку унгарскиот заем. Најголемиот дел беа за транспорт, со 132 милиони евра за 589 проекти, по што следеа 143 проекти во секторот за животна средина и 48 проекти во образование.[18]

Конечно, МНР го покани бугарскиот амбасадор за да му врачи официјален протест како одговор на изјавите на бугарскиот министер за надворешни работи. За време на телевизиско појавување, министерот тврдеше дека со отстранување на референците за „македонскиот јазик и идентитет“ од извештајот на Европскиот парламент (ЕП) за Северна Македонија, тие го спречиле ЕП да се користи за домашна политичка пропаганда од страна на премиерот или „Северна Македонија“. МНР му го пренесе официјалниот протест на бугарскиот амбасадор, забележувајќи ја несоодветноста на ваквиот јавен дискурс од страна на висок владин функционер.[19]

13 Во Кочани денеска ќе се одржи 24. „Марш за ангелите“, МИА, 27 септември 2025, https://bit.ly/48ManBN

14 Обвинителниот акт за пожарот во „Пулс“ од кочанскиот стигна во Основниот кривичен суд Скопје, 360 Степени, 2 јули 2025, https://360stepeni.mk/obvinitelniot-akt-za-pozharot-vo-puls-od-kochanskiot-stigna-vo-osnovniot-krivichen-sud-skopje/

15 Собранието ја изгласа интерпелацијата за Љупчо Коцевски, DW Вести, 29 јули 2025, https://www.dw.com/mk/sobranieto-ja-izglasa-interpelacijata-za-re-publickiot-javen-obvinitel-lupco-kocevski/a-73454933

16 Коцевски: Нема да поднесам оставка, уште поревносно ќе се посветам на работата, 360 Степени, 30 јули 2025, https://360stepeni.mk/kotsevski-ne-ma-da-podnesam-ostavka-ushte-porevnosno-ke-se-posvetam-na-rabotata/

17 Муцунски и Лами ја потпишаа Декларација за стратешко партнерство, Канал 5, 17 јули 2025, https://kanal5.com.mk/mucunski-i-lami-ja-potpishaa-deklaraci-ja-za-strateshko-partnerstvo/a708648

18 Во Владата се потпишаа договорите од вториот повик за финансирање на инфраструктурни проекти од унгарскиот кредит, 360 Степени, 17 јули 2025, https://360stepeni.mk/vo-vladata-se-potpishaa-dogovorite-od-vtoriot-povik-za-finansirane-od-ungarskiot-kredit/

19 МНР го повика бугарскиот амбасадор во земјава на разговор поради изјавите на Георгиев, 360 Степени, 10 јули 2025, https://360stepeni.mk/mnr-go-po-vika-bugarskiot-ambasador-vo-zemjava-na-razgovor-poradi-izjavite-na-georgiev/

## Граѓанско општество

На 25 септември се одржа четвртата седница на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество. Седницата ги опфати следниве точки: Деловникот за работа и Програмата за работа на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество 2025–2026; предложените измени на Законот за здруженија и фондации; извештајот за 2024 година за финансирање на активностите на здруженијата и фондациите од државните и локалните буџети; извештајот за учеството на претставниците на Советот во Комисијата за распределба на финансиски средства; и номинирање на претставник на граѓанското општество за работната група што работи на Стратегијата за транспарентност 2027–2029.[20]

## Цивилна контрола врз безбедносниот/ разузнавачкиот сектор

Во август беше објавено дека Агенцијата за национална безбедност (АНБ) поднела три пријави до Јавното обвинителство против поранешен директор и неколку вработени во АНБ, за наводно незаконско, непрофесионално и неетичко однесување. Според АНБ, пријавите произлегле од внатрешна истрага спроведена по промената на власта во 2024 г. и прикриените акции помеѓу 2019 и 2024 година. [21]

По ова, за 5 септември беше закажана седница на Комисијата за надзор над работата на АНБ и Агенцијата за разузнавање (АР) за да се испитаат наводите за незаконско прислушување помеѓу 2019 и 2024 година, но истата беше одложена. Пратениците и од владејачката ВМРО-ДПМНЕ и од опозициската СДСМ, ја свикаа седницата по тврдењата од актуелниот директор на АНБ и премиерот дека во тој период се случило незаконски прислушување.[22]

На 10 септември, Собраниската комисија за надзор над работата на НСА и АР со огромно мнозинство гласаше за спроведување надзорна посета на НСА, поради наводи за прислушување и злоупотреба на службената должност помеѓу 2019 и 2024 година. Во текот на посетата, пратениците разгледаа документи и го испитаа обемот на наводни незаконски, неетички и непрофесионални дејствија од страна на поранешниот директор и вработените. Тие нагласија дека надзорот му служи на јавниот интерес и изразија надеж за барем делумна декласификација на документите за да се обезбеди детален извештај. Клучните прашања се фокусираа на улогите на високите службени лица и мерките преземени против политички актери додека биле во опозиција.[23] Откако членовите на Собраниската комисија за надзор над работата на НСА и АР остварија надзорна посета на НСА на 10 септември и на Агенцијата за разузнавање на 11 септември, пратеник од ВМРО-ДПМНЕ употреби провокативен јазик за да го повика обвинителството да преземе силни мерки, критикувајќи го за она што тој го опиша како јасни прекршувања и злоупотреби на законот што веќе требало да резултираат со обвиненија и бараше одговорност.[24]

20 4-та седница на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, 25 септември 2025, https://www.nvosorabotka.gov.mk/?q=node/1052

21 АНБ пријавила кај Обвинителството незаконско и непрофесионално постапување на ексдиректор и група вработени, 360 Степени, 29 август 2025, https://360stepeni.mk/anb-prijavila-kaj-obvinitelstvoto-nezakonsko-i-neprofesionalno-postapuvane-na-eksdirektor-i-grupa-vraboteni/

22 Одложена седницата на собраниската Комисија за надзор над работата на АНБ и Агенцијата за разузнавање, 360 Степени, 5 септември 2025, https://360stepeni.mk/odlozhena-sednitsata-na-sobraniskata-komisija-za-nadzor-nad-rabotata-na-anb-i-agentsijata-za-razuznavane/

23 Петровска во АНБ влезе со триесетина прашања, Пренџов очекува да види кој сè бил прислушуван, 360 Степени, 10 септември 2025, https://360stepeni.mk/petrovska-vo-anb-vleze-so-triesetina-prashana-prendhov-ochekuva-da-vidi-koj-se-bil-prislushuvan/

24 Пратеникот Ковачки повика Обвинителството да се „издига на клоци“ ако не реагира за АНБ, 360 Степени, 11 септември 2025, https://360stepeni.mk/pratenikot-kovachki-povika-obvinitelstvoto-da-se-izdiga-na-klotsi-ako-ne-reagira-za-anb/

# Реформа во јавната администрација

Во јули 2025 г., во Агенцијата за администрација (АА) беше откриена организирана корупциска шема: тројца вработени (раководителот за ИКТ, соработник за администрирање на испити и генералниот секретар) средувале околу испитите за административни службеници во замена за мито, овозможувајќи им на неквалификувани кандидати да добијат највисоки оценки и да обезбедат вработување. Случајот беше откриен по долга истрага што вклучуваше примена на посебни мерки, а документите потврдија дека практиката постоела подолг период и под различни влади. Тројцата склучија спогодби за признавање на вина со обвинителството, ја признаа вината, добија условни казни, а еден од нив доби забрана за вршење јавна функција во траење од пет години. Нивниот работен однос беше прекинат во август 2024 година.[25]

Во јули, Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани (УПОЗ) и синдикалната организација во рамките на АА побараа зголемување на платите за 30% за вработените во Секторот за селекција на кандидати, предупредувајќи со прекин на работата доколку нивното барање не биде исполнето. Тие нагласија дека персоналот работи под голем притисок и со кратки рокови, што негативно влијае на нивното здравје и приватен живот. Речиси 80% од вработените примале плата пониска од просечната национална плата, флуктуацијата на персоналот постојано е во пораст и, за разлика од другите институции, АА не одобрува средства за унапредувања или нови вработувања, оставајќи ги вработените потценети, преоптоварени и исцрпени.[26]

Една година откако вети намалување од 10% во јавниот сектор на Северна Македонија, Владата наместо тоа има пораст во вработувањата по министерствата и агенциите пред локалните избори во октомври. Официјалните лица образложуваат дека е во рамките на планот за вработување, но опозицијата и синдикатите ја обвинуваат ВМРО-ДПМНЕ дека ги пополнува работните места со лојални луѓе за да ја зголеми изборната поддршка. Точниот број на вработени во јавниот сектор е нејасен, бидејќи владата го одложи објавувањето на извештајот за вработувања за оваа година.[27]

На 10 јули Собранието донесе три клучни закони за РЈА: Законот за административни службеници, Законот за вработените во јавниот сектор и Законот за стручно усовршување на административните службеници. Законите имаат за цел да обезбедат вработување и унапредување во јавната администрација врз основа на заслуги и компетентност преку транспарентен дигитален систем, подобрени услови за работа за ИТ професионалци, стимулација за млади таленти, задолжителна обука преку Академијата, структурирано менторство и јасни критериуми за напредување и одговорност, сите под централизирана контрола и институционален надзор.[28]

25 „Фабрика за препишувачи во Агенцијата за администрација," Слободен печат, 31 јули 2025, https://www.slobodenpecat.mk/fabrika-za-prepishuvachi-vo-agencijata-za-administracija/.

26 „УПОЗ бара зголемување на платите на вработените што селектираат кандидати во Агенцијата за администрација," 360 Степени, 10 јули 2025, https://360stepeni.mk/upoz-bara-zgolemuvane-na-platite-na-vrabotenite-shto-selektiraat-kandidati-vo-agentsijata-za-administratsija/.

27 Sinisa Jakov Marusic, "Claim and counter-claim in North Macedonia over pre-election public hiring" (Тужба и контратужба во Северна Македонија за предизборни јавни вработувања), BalkanInsight, 29 јули 2025, https://balkaninsight.com/2025/07/29/claim-and-counter-claim-in-north-macedonia-over-pre-election-public-hiring/.

28 „Минчев: Направивме историски исчекор во реформата на јавната администрација со усвојување на три клучни закони," Официјална веб-страница на Министерството за јавна администрација, 11 јули 2025, https://mja.gov.mk/mk-MK/odnosi-so-javnost/soopstenija/mincev-napravivme-istoriski-isce-kor-vo-reformata-na-javnata-administracija-so-usvojuvanje-na-tri-klucni-zakoni.

На 2 септември, Владата ги усвои следните документи: Програмата за реформа на управувањето со јавните финансии (УЈФ) за периодот 2025–2028 година,[29] заедно со нејзиниот Акциски план за 2025 година[30] и Извештајот за следење на спроведувањето на Програмата за реформа на управувањето со јавните финансии за периодот јануари–декември 2024 година.[31]

На 18 септември 2025 г., министерот за јавна администрација и претставници на СИГМА/ОЕЦД (Поддршката за подобрување во владеењето и управувањето/Организацијата за економска соработка и развој) одржаа работен состанок за подготовката на Законот за организација и работа на органите на државната управа (ЗОРОДУ). Исто така е во тек на изработката на Законот за висока раководна служба и Законот за системот на плати.[32]

Министерството за јавна администрација (МЈА) започна со спроведување на програма за професионален развој на државни службеници во согласност со најновиот Закон за професионален развој. Во првата фаза ќе бидат вклучени 1.000 вработени, а повеќе од 500 веќе започнаа стандардизирана обука во Скопје. Програмата е поддржана од меѓународни партнери, вклучувајќи ги Регионалната школа за јавна администрација (РеСПА), Центарот за извонредност во финансиите (ЦЕФ), Француската агенција за стручно образование, Институтот Вита и Економскиот факултет. Во наредните месеци ќе продолжи со регионални обуки низ целата земја.[33]

МЈА и Амбасадата на Франција потпишаа Меморандум за соработка за проект чија цел е модернизација на институциите и градење професионална јавна администрација на која ќе ѝ верува јавноста. Проектот „Зајакнување на капацитетите и професионализација на администрацијата“, спроведен во партнерство со Националниот институт за јавна администрација на Франција (INSP), Генералниот директорат за администрација и државна служба (DGAFP), како и Центарот за управување со промени (ЦУП), има за цел да формира Академија за стручно усовршување и обука на административните службеници и да ја подобри професионализацијата преку споделување искуства и иновативни пилот-програми за обука.[34]

29 „Програма за реформа на управувањето со јавни финансии за периодот 2025 – 2028 година,“ Официјална веб-страница на Министерството за финансии, јули 2025, https://portal.mdt.gov.mk/post-body-files/upravuvanje-so-javnite-finansii-file-VNVH.pdf.

30 „Акциски план за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за 2025 година,“ Официјална веб-страница на Министерството за финансии, 2025, https://portal.mdt.gov.mk/post-body-files/upravuvanje-so-javnite-finansii-file-3giW.pdf.

31 „Годишен извештај за следење на спроведувањето на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за периодот јануари - декември 2024 година,“ Официјална веб-страница на Министерството за финансии, јули 2025, https://portal.mdt.gov.mk/post-body-files/upravuvanje-so-javnite-finansii-file-jTkV.pdf.

32 „Министерството за јавна администрација го започна првиот циклус на генерички обуки за административни службеници,“ Официјална веб-страница на Министерството за јавна администрација, 18 септември 2025, https://mja.gov.mk/mk-MK/odnosi-so-javnost/soopstenija/ministerstvoto-za-javna-administracija-go-zapocna-prviot-ciklus-na-genericki-obuki-za-administrativni-sluzbenici.

33 Исто.

34 „Министерството за јавна администрација и Амбасадата на Франција во Република Македонија со заеднички проект за јакнење на капацитетите и професионализација на јавната администрација,“ Официјална веб-страница на Министерството за јавна администрација, 19 септември 2025, https://bit.ly/4nNplvN.

# Поглавје 23



# Функционирање на судството

## Управни тела

На својата 28-ма седница одржана на 30 септември 2025 г., Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука за престанок на функцијата на претседателот на Советот поради истекување на мандатот на 1 октомври 2025 година. Советот, исто така, одлучи да го одложи изборот на нов претседател до завршувањето на локалните избори што беа во тек. До изборот на нов претседател, со Советот ќе претседава заменик-претседателот, чиј мандат не е истечен.[35]

## Независност и непристрасност

На својата 253. седница одржана на 28 јули 2025 г., Судскиот буџетски совет повторно го разгледа проблемот со  Министерството за финансии кое не дава согласност за вработување на определено време. Со оглед на негативните последици по работата на судовите поради недостигот на персонал, членовите на Советот се согласија да испратат второ писмо со барање Министерството за финансии да одобри вработување на определено време во судовите.[36] Потоа, на својата 534. седница, Судскиот буџетски совет го разгледа известувањето од Министерството за финансии во кое се наведува дека не се доделени финансиски средства за бараните вработувања на определено време во судството.[37]

## Отчетност

На својата 526. седница, Судскиот совет ги разгледа извештаите во врска со фактичките и утврдените состојби по поднесувањето на барањата за утврдување на одговорност на судиите. Тој одлучи да ја прекине постапката во пет предмети поврзани со одговорност на судии, додека во еден предмет не беше донесена одлука. Дополнително, Советот формираше Комисии на известители за да ги разгледаат поднесените барања за утврдување на одговорност на судиите и претседателите на судовите.[38]

## Професионализам и компетентност

На својата 525. седница, Судскиот совет назначи в.д. претседатели на судовите во Гостивар, Дебар, Свети Николе и Скопје, кои ќе ја вршат функцијата до изборот на нови претседатели на судовите.[39] На својата 526. седница, Судскиот совет назначи нов претседател на Основниот суд Охрид.[40]

На својата 26. седница одржана на 4 јули 2025 г., Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија донесе одлуки за именување на јавен обвинител за главен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Кичево и друг јавен обвинител за главен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Струга.[41]

35 Соопштение од одржана 28-ма седница, Совет на јавни обвинители, 30 септември 2025, https://sjorm.gov.mk/soopshtenie-od-odrzhana-28-ma-sednica/
36 Соопштение од одржана 253-та седница, Судски буџетски совет, 28 јули 2025, https://bit.ly/4nIBTVa
37 Соопштение од одржана 254-та седница, Судски буџетски совет, 27 август 2025,
38 Соопштение од 526-та седница на Судскиот совет на РСМ, Судски совет, 23 јули 2025, https://bit.ly/4oidCoM
39 Соопштение од 525-та седница на Судскиот совет на РСМ, Судски совет, 3 јули 2025, https://bit.ly/43eMRJR
40 Соопштение од 526-та седница на Судскиот совет на РСМ, Судски совет, 23 јули 2025, https://bit.ly/474JeHr
41 Соопштение од одржана 26-та седница, Совет на јавни обвинители, 4 јули 2025, https://sjorm.gov.mk/soopshtenie-od-odrzhana-26-ta-sednica/

Потоа, на својата 27. Седница одржана на 16 јули 2025 г., Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука за именување на двајца јавни обвинители во Вишото јавно обвинителство Скопје, а исто така одобри и именување на двајца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција (ОЈО ГОКК).[42]

## Квалитет на правдата

Во јули, Блупринг Групата за реформи во правосудството изрази загриженост во врска со одлуката на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители, усвоена на 235. седница одржана на 24 јуни 2025 г., со која посебниот советник на министерот за правда е именуван за член на Програмскиот совет на Академијата. Според Групата, јавно достапните информации укажуваат дека назначениот член на Програмскиот совет е посебен советник на министерот за правда. Оваа позиција не се смета за позиција на раководно лице според Законот за административни службеници, туку претставува ангажман на одредено време согласно Законот за вработени во јавниот сектор.[43]

По ова, на својата 236. седница, Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители ја разгледа одлуката, донесена на 24 јуни 2025 г., во врска со назначувањето на нов член во Програмскиот совет на Академијата. По разгледувањето, Одборот ја задолжи Академијата официјално да се обрати и да се консултира со Министерството за правда на Република Северна Македонија за да утврди дали назначувањето е во согласност со законот. На истата седница, судија на Основниот граѓански суд Скопје беше именуван за заменик-член на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители, по номинација поднесена од Здружението на судии на Република Северна Македонија. Последователно, Академијата испрати писмо до Министерството за правда во врска со Планот за раст на Западен Балкан 2024–2027, во кој Академијата е вклучена во реформата 5.2.1, поточно чекорот во кој се наведува дека слободните места за судии и обвинители треба редовно да се пополнуваат врз основа на проекциите на Врховниот суд и Државното јавно обвинителство по спроведувањето на Стратегиите за управување со човечки ресурси во судовите и обвинителствата (планирано за декември 2024 година и повторно во декември 2026 година). Дополнително, Академијата се повика на регулативата за спроведување и контрола на Инструментот за реформи и раст на Западен Балкан, усвоен од Владата на Република Северна Македонија на 20 мај 2025 г., и достави табела во врска со Планот за раст до Министерството за правда. Академијата, исто така, достави барање за измена на Законот за Академијата за судии и јавни обвинители до Министерството за правда.[44]

На својата 237. седница, Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители го одобри, на барање на спорниот член, престанокот на неговиот мандат во Програмскиот совет. По ова, Академијата беше должна да поднесе барање до Министерството за правда на Република Северна Македонија за назначување на нов член во Програмскиот совет во рок од 30 дена од датумот на одлуката за престанок на мандатот.[45]

42 Соопштение од одржана 27-ма седница, Совет на јавни обвинители, 16 јули 2025, https://sjorm.gov.mk/soopshtenie-od-odrzhana-27-ma-sednica/

43 Соопштение, Блупринт Група за реформи во правосудството, 4 јули 2025, https://bit.ly/3IMbNBD

44 Известување од одржана 236-та седница на Управниот одбор на Академија за судии и јавни обвинители, Академија за судии и јавни обвинители, 17 јули 2025, https://bit.ly/477HgWS

45 Известување од одржана 237-ма седница на Управниот одбор на Академија за судии и јавни обвинители, Академија за судии и јавни обвинители, 9 август 2025, https://bit.ly/4ogENjI

На својата 239. седница, Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители беше информиран од директорката на Академијата за напредокот во спроведувањето на чекорите од Реформската агенда 2024–2028, поточно во врска со пополнувањето на слободните места за судии и јавни обвинители. По оваа информација, Управниот одбор ја задолжи Академијата да се обрати до Министерството за финансии, преку Судскиот буџетски совет, за да побара потврда дали се доделени средства за прием на 130 слушатели од деветтата генерација на Академијата во 2026 година.[46]

## Ефикасност

Основното јавно обвинителство Битола формираше истражен центар со цел зајакнување на неговите истражни капацитети. Првично, беа вработени двајца истражители за да почне да работа. Вакви истражни центри веќе функционираат во обвинителствата во Скопје, Тетово, Куманово и во Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција.[47]

46 Известување од одржана 239-та седница на Управниот одбор на Академија за судии и јавни обвинители, Академија за судии и јавни обвинители, 18 септември 2025, https://bit.ly/4ohfX3p

47 Битолското обвинителство доби истражен центар, 360 Степени, 31 јули 2025, https://360stepeni.mk/bitolskoto-obvinitelstvo-dobi-istrazhen-tsentar/

# Борба против корупција

Групата на држави против корупцијата на Советот на Европа (ГРЕКО) објави нов извештај во рамките на Петтата рунда на евалуација за Северна Македонија, земајќи го предвид напредокот постигнат од земјата во спроведувањето на нејзините препораки за спречување на корупцијата во рамките на највисоките функции на централната власт и полицијата. Извештајот заклучува дека Северна Македонија имплементирала на задоволително ниво 17 од 23-те препораки, додека останатите остануваат делумно имплементирани. Во извештајот беа поздравени чекорите преземени за подобрување на транспарентноста и промовирање на интегритетот во однос на лицата на кои им се доверени високи функции, како што се новиот деловник на владата и креирањето на електронска база на податоци за регистрирање и верификација на анкетните листови за имот на избраните и именуваните јавни функционери.[48]

## Државна комисија за спречување на корупцијата

Истрагата против претседателката на ДКСК за наводно откривање службени тајни во предметот „Адитив“,[49] заврши со обвинение против неа за тоа кривично дело.[50] Дополнително, истрагата откри дека таа договорила ревизор од Државниот завод за ревизија (ДЗР) да положи испит во нејзино име, што ѝ овозможило да добие безбедносен сертификат за пристап до информации класифицирани како државна тајна.[51] Ова доведе до уште едно обвинение против неа за компјутерски фалсификат, додека ДЗР го отстрани ревизорот од вршење ревизии и му го одзеде неговиот безбедносен сертификат.[52] Набрзо потоа, претседателката на ДКСК поднесе оставка од својата позиција, а Собранието ја потврди нејзината оставка.[53] Таа поднесе барање до ДЗР да се врати на претходната позиција помошник на главниот државен ревизор,[54] а кон крајот на септември започна судскиот процес против неа за горенаведените кривични дела.[55]

На почетокот на август, Собранието објави одлука за објавување јавен оглас за избор на нов претседател на ДКСК, по што беше формирана Комисија за избор на кандидати за таа позиција.[56] Се пријавија тринаесет кандидати,[57] но Собранието го одложи изборот поради претстојните локални избори во

48 ‘North Macedonia: GRECO welcomes progress in anti-corruption reforms in central government and the police and ends compliance procedure’ (Северна Македонија: ГРЕКО го поздравува напредокот во антикорупциските реформи кај централната власт и полицијата и ја завршува постапката за усогласување), Официјална веб-страница на Советот на Европа, 9 јули 2025, https://www.coe.int/en/web/portal/-/north-macedonia-greco-welcomes-progress-in-anti-corruption-reforms-in-central-government-and-the-police-and-ends-compliance-procedure.

49 Антикорупциска, со потпис на Димитровска, отфрлила две пријави поврзани со случајот „Адитив“, Телма, 25 април 2025, https://telma.com.mk/2025/04/25/antikorupczіska-so-potpis-na-dimitrovska-otfrlila-dve-prijavi-povrzani-so-sluchajot-aditiv/.

50 „Обвинение за Димитровска од ДКСК – оддавала службени тајни преку Вибер, а сертификатот за тајност ѝ го полагал друг,“ 360 Степени, 18 јули 2025, https://360stepeni.mk/obvinenie-za-dimitrovska-od-dksk-oddavala-sluzhbeni-tajni-preku-viber-a-sertifikatot-za-tajnost-i-go-polagal-drug/.

51 „Ревизор ѝ го положил тестот на претседателката на ДКСК за таа да може да чита државни тајни – обвинение и нови дела за Татјана Димитровска“, Слободен печат, 18 јули 2025, https://www.slobodenpecat.mk/revizor-i-go-polozhil-testot-na-vcpretsedatelkata-na-dksk-za-taa-da-mozhe-da-chita-drzhavni-tajni-obvinenie-i-novi-dela-za-tatjana-dimitrovska/.

52 „Ревизорот што ѝ го положил тестот на Татјана Димитровска за „државна тајна“ е исклучен од ревизиите,“ Слободен печат, 23 јули 2025, https://www.slobodenpecat.mk/revizorot-shto-%D1%9D-go-polozhil-testot-na-tatjana-dimitrovska-za-drzhavna-tajna-e-iskluchen-od-reviziite/.

53 „Собранието ја констатира оставката на претседателката на ДКСК, Татјана Димитровска,“ 360 Степени, 29 јули 2025, https://360stepeni.mk/sobranieto-ja-konstatira-ostavkata-na-pretsedatelkata-na-dksk-tatjana-dimitrovska/.

54 „Екс-антикорупционерката Димитровска се враќа во Државниот завод за ревизија,“ Либертас, 30 јули 2025, https://libertas.mk/eks-antikorupcionerkata-dimitrovska-se-vra-a-vo-drzhavniot-zavod-za-revizi-a/.

55 „Почна судењето против поранешната претседателка на Антикорупциска, Татјана Димитровска,“ 360 Степени, 30 септември 2025, https://360stepeni.mk/pochna-sudeneto-protiv-poraneshnata-pretsedatelka-na-antikoruptsiska-tatjana-dimitrovska/.

56 „Формирана комисијата за селекција на кандидатите за претседател на ДКСК,“ Нова Македонија, 13 август 2025, https://novamakedonija.com.mk/makedonija/formirana-komisijata-za-selekcija-na-kandidatite-za-pretsedatel-na-dksk/.

57 „За претседател на ДКСК се пријавиле 13 кандидати, еве ги имињата“, 360 Степени, 18 август 2025, https://360stepeni.mk/za-pretsedatel-na-dksk-se-prijavile-13-kandidati-eve-gi-iminata/.

земјата.[58] Кон средината на август, ДКСК избра нов заменик-претседател од редот на своите членови, во согласност со принципот на ротација.[59]

Кон средината на септември, се одржа консултативен состанок со граѓанските организации (ГО) како дел од подготовката на Националната стратегија за спречување на корупција и судир на интереси 2026–2030. Имено, ДКСК се состана со претставници на Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата за да ја разгледаат и дискутираат подготвената Проценка на ризици од корупција со цел подготовка на Стратегијата и методологијата за нејзина подготовка.[60]

Во текот на целиот период што беше предмет на извештајот, ДКСК спроведуваше подготвителни активности пред претстојните локални избори. Беа одржани работни состаноци со ДИК[61] и Јавното обвинителство.[62] Беше потпишан меморандум за соработка со ДИК и ДЗР за зајакнување на нивната посветеност на директна соработка, координација и меѓусебна помош во спроведувањето на законските одредби за финансирање на изборни кампањи, размена на информации и податоци и навремено дејствување по потенцијално идентификувани изборни нерегуларности.[63] ДКСК, исто така, издаде јавно известување за информирање на сите државни институции, политички партии, учесници во изборниот процес, како и пошироката јавност за законските можности за користење на буџетските средства во согласност со Законот за спречување на корупција и судир на интереси и Изборниот законик.[64] Исто така, ја информираше јавноста дека, дека согласно законската обврска сите јавни фондови, јавни претпријатија и сите други правни лица со државен капитал се должни да доставaт податоци до ДКСК за сите службени возила што им се на располагање. Меѓутоа, само 42% од нив доставиле такви податоци.[65]

## Јавното обвинителство

По истрагата покрената од ОЈО ГОКК поднесено е обвинение против 36 лица (лекари, адвокати и други службени лица) организирани во две криминални групи кои во изминатите две години посредувале и нелегално овозможувале стекнување право на туѓа нега и инвалидска пензија, во замена за пари. Случајот, насловен како „Синдром“, откри основано сомнение за сторени неколку кривични дела, имено: злосторничко здружување, примање и давање поткуп и примање награда за противзаконито влијание. Досега, 13 обвинети склучиле спогодби за признавање на вина со обвинителството, а врз основа на нив, Основниот кривичен суд Скопје донесе неколку пресуди. За останатите, јавното обвинителство му предложи на судот да им се продолжат веќе изречените безбедносни мерки.[66]

58 „Запрена постапката за избор на претседател на ДКСК,“ Официјална веб-страница на Собранието на Република Северна Македонија, 14 август 2025, https://www.sobranie.mk/ns-newsarticle-zaprena-postapkata-za-izbor-na-pretsedatel-na-dksk.nspx.

59 „Цвета Ристовска, професорката на Бојан Христовски и на дузина академски граѓани што го протрчаа приватниот факултет за една година, ќе ја води Антикорупциската комисија за изборите,“ Sdk.mk, 15 август 2025, https://bit.ly/4gR36SU.

60 „Одржан работен состанок помеѓу Државната комисија за спречување на корупцијатата и Платформата на граѓански организации за борба против корупција за подготовка на новата Национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2026-2030,“ Официјална веб-страница на Државната комисија за спречување на корупцијата, 18 септември 2025, https://bit.ly/3IKIO12.

61 „Соработка во насока на унапредување на интегритетот во изборниот процес,“ Официјална веб-страница на Државната комисија за спречување на корупцијаТа, 16 јули 2025, https://bit.ly/4h1Qmt2.

62 „Работна средба на ДКСК и Јавното обвинителство во пресрет на локалните избори 2025,“ Официјална веб-страница на Државната комисија за спречување на корупцијата, 16 септември 2025, https://bit.ly/3VTa4xc.

63 ДИК, ДКСК и ДЗР потпишаа меморандум за соработка во пресрет на локалните избори,“ 360 Степени, 18 септември 2025, https://360stepeni.mk/dik-dksk-i-dzr-potpishaa-memorandum-za-sorabotka-vo-presret-na-lokalnite-izbori/.

64 Известување, Официјална веб-страница на Државната комисија за спречување на корупцијата, 11 август 2025, https://bit.ly/4mTIDhU.

65 „Само 42% од институциите доставија податоци за службени возила пред локалните избори 2025,“ Официјална веб-страница на Државната комисија за спречување на корупцијата, 29 септември 2025, https://bit.ly/46SSEFQ.

66 „Предмет „Синдром“ – 36 обвинети и 13 спогодби,“ Официјална веб-страница на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, 22 јули 2025, https://jorm.gov.mk/predmet-sindrom-36-obvineti-i-13-spogodbi/.

Започна судењето на поранешните директори на Клиниката за радиотерапија и онкологија во Скопје, во рамките на предметот „Онкологија 2“. Обвинетите се товарат за злоупотреба на службената положба и овластување, измама и проневера во службата, и за нанесување штета на буџетот од над 2,2 милијарди денари со нелегално купување лекови без согласност на Фондот за здравствено осигурување. На рочиштето одржано на 12 септември двајцата обвинети изјавија дека не се чувствуваат виновни и судската постапка е во тек.[67]

Во предметот против поранешната директорка на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, Основниот кривичен суд Скопје ја прогласи за виновна за злоупотреба на службена положба и овластувања и ја осуди на две години затвор. Беше утврдено дека таа работела спротивно на Законот за јавни набавки и Законот за основање на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност при склучување договори со соработници, експерти и обучувачи, бидејќи не распишала јавен конкурс и дискриминирала потенцијални кандидати, давајќи предност на неколку лица и постапувајќи спротивно на принципите на економичност, ефикасност и ефективност. [68]

Освен горенаведените случаи, кривични пријави се поднесени и за следново: злоупотреба на службена положба и овластувања против поранешната в.д. претседателка на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија[69] и против актуелниот градоначалник на Општина Струга,[70] како и против поранешен директор на затворот „Скопје“ и двајца затворски полициски службеници;[71] примање награда за противзаконито влијание и примање поткуп од страна на шест полициски службеници и две други лица;[72] примање поткуп од страна на директор на јавна здравствена установа[73] и од страна на лекар од друга болница;[74] и злосторничко здружување, злоупотреба на службена положба и овластување и давање и примање поткуп од страна на петнаесет лица, меѓу кои се директорот на подружница на Јавното претпријатие „Национални шуми“, началникот на полицијата во Делчево и неколку полициски службеници.[75]

67 „Ексдиректорите на Онкологија не се чувствуваат виновни за несовесно работење и за финансиски криминал на клиниката,“ 360 Степени, 12 септември 2025, https://360stepeni.mk/eksdirektorite-na-onkologija-ne-se-chuvstvuvaat-vinovni-za-nesovesno-rabotene-i-za-finansiski-kriminal-na-klinikata/.

68 „Ексдиректорката на „Еразмус+“, Лидија Димова, осудена на две години затвор за злоупотреба на службената положба,“ 360 Степени, 18 септември 2025, https://360stepeni.mk/eksdirektorkata-na-erazmus-lidija-dimova-osudena-na-dve-godini-zatvor-za-zloupotreba-na-sluzhbenata-polozhba/.

69 „Обвинителен предлог за злоупотреба на службена положба и овластување,“ Официјална веб-страница на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, 23 јули 2025, https://jorm.gov.mk/obvinitelen-predlog-za-zloupotreba-na-sluzhbena-polozhba-i-ovlastuvane/.

70 „ОЈО Струга му поднесе обвинение на Рамиз Мерко за договорот за осветлување на коритото на Црн Дрим,“ 360 Степени, 17 септември 2025, https://360stepeni.mk/ojo-struga-mu-podnese-obvinenie-na-ramiz-merko-za-dogovorot-za-osvetluvane-na-koritoto-na-tsrn-drim/.

71 „Обвинителен предлог против осум лица,“ Официјална веб-страница на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, 8 јули 2025, https://jorm.gov.mk/obvinitelen-predlog-protiv-osum-licza/.

72 „Обвинителен акт против осум лица,“ Официјална веб-страница на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, 21 август 2025, https://jorm.gov.mk/obvinitelen-akt-protiv-osum-licza/.

73 „Поднесено обвинение за две лица за кривични дела поврзани со корупција,“ Официјална веб-страница на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, 4 јули 2025, https://jorm.gov.mk/podneseno-obvinenie-za-dve-licza-za-krivichni-dela-povrzani-so-korupczija/.

74 „Докторка во Битола фатена како прима поткуп, Министерството за здравство со осуда за настанот,“ 360 Степени, 16 јули 2025, https://360stepeni.mk/doktorka-vo-bitola-fatena-kako-prima-potkup-ministerstvoto-za-zdravstvo-so-osuda-za-nastanot/.

75 „ОЈО ГОКК со детали за акцијата против нелегална сеча на шуми – директор во „Национални шуми“ и полициски началник се меѓу осомничените,“ 360 Степени, 19 септември 2025, https://360stepeni.mk/ojo-gokk-so-detali-za-aktsijata-protiv-nelegalna-secha-na-shumi-direktor-vo-natsionalni-shumi-i-polit-siski-nachalnik-se-megu-osomnichenite/.

# Темелни права

Извештајот на Стејт Департментот на САД за човековите права во Северна Македонија за 2024 година утврди дека немало значајни промени во ситуацијата со човековите права во земјата во текот на изминатата година. Меѓутоа, значајни прашања поврзани со човековите права вклучуваат веродостојни извештаи за сериозни ограничувања на слободата на изразување и слободата на медиумите, вклучително и насилство и закани со насилство врз новинари.[76]

## Судската пракса на Европскиот суд за човекови права

Во текот на периодот што е предмет на овој извештај, се случија неколку работи поврзани со постапката за избор на нов судија од Северна Македонија во Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП). Во јули, Владата на Северна Македонија го поништи претходно поднесениот список од тројца кандидати за позицијата судија во ЕСЧП во Стразбур, наведувајќи дека утврдила дека ниту еден од тројцата кандидати не ги исполнува потребните критериуми.[77] Следеа реакции од претходните кандидати,[78] повикувајќи ја владата да објасни зошто е поништен повикот, кога претходната комисија ги сметала кандидатите за подобни, а исто така ги откри и добиените „пријателски сугестии" за повлекување на нивната кандидатура за позицијата судија.[79] Реакции следеа и од граѓанското општество,[80] критикувајќи ја одлуката како нетранспарентна и правно сомнителна, тврдејќи дека со отфрлање на списокот без објаснување и со распуштањето на претходната комисија за избор, Владата го поткопала кредибилитетот, независноста и правичноста на процесот на селекција.

Новата Комисија за избор на кандидати беше формирана на 25 јули,[81] а првиот состанок се одржа на 25 август.[82] На првиот состанок, Комисијата се согласи повикот да трае 30 дена, двојно подолго од претходно, и дека ќе им треба уште еден месец за оценка, интервјуирање и избор на тројца кандидати. На 2 септември, Комисијата го одржа својот втор состанок за финализирање на повикот за кандидати, откако не беше во полн состав на претходните седници и затоа ја одлагаше одлуката.  Јавниот оглас за пријавување беше објавен на 4 септември и повторно на 11 септември.[83] Интервјуата со кандидатите се закажани да се одржат во октомври, по истекот на рокот од 30 дена.

Во август, ЕСЧП прифати жалба поднесена од Македонското здружение на млади правници, во која се обвинуваат општинските и националните институции за неисполнување на своите законски обврски за заштита на правото на здрава животна средина и јавно здравје.[84] Жалбата се однесува на случајот со

76 2024 Country Reports on Human Rights Practices: North Macedonia (United States Department of State, 2025) (Извештај за човековите права во Северна Македонија за 2024 година (Стејт Департментот на САД, 2025)), https://www.state.gov/reports/2024-country-reports-on-human-rights-practices/north-macedonia/.

77 „Владата ја поништи предлог-листата со кандидатите за судија во Стразбур, утврдила дека Ристоска, Гајдова и Апостолски не ги исполнуваат условите," Слободен печат, 29 јули 2025, https://www.slobodenpecat.mk/vladata-ja-ponishtccci-predlog-listata-so-kandidatite-za-sudija-vo-strazbur-utvrdila-deka-ristoska-gajdova-i-apostolski-ne-gi-ispolnuvaat-uslovite/.

78 „Ристоска: Владата да каже кои кандидати не ги исполнуваат условите за судот во Стразбур," Слободен печат, 29 јули 2025, https://www.slobodenpecat.mk/ristoska-vladata-daccc-kazhe-koi-kandidati-ne-gi-ispolnuvaat-uslovite-za-sudot-vo-strazbur/.

79 „Обвинителката Ленче Ристоска вели дека ѝ укажувале да се повлече од кандидатурата за Стразбур, откако Владата без образложение ја отфрли целата листа," Сакам да кажам, 31 јули 2025, https://sdk.mk/index.php/makedonija/obvinitelkata-lenche-ristoska-veli-deka-ukazhuvale-da-se-povleche-od-kandidaturata-za-strazbur-otkako-vladata-bez-obrazlozhenie-ja-otfrli-tselata-lista/.

80 „Владината одлука за поништување на листата на кандидати за судија во ЕСЧП е нетранспарентна и правно спорна," Блупринт група за реформи во правосудството, 31 јули 2025, https://bit.ly/4oKNwf2.

81 „Нов почеток во судската битка за Стразбур," Радио Слободна Европа, 6 август 2025, https://www.slobodnaevropa.mk/a/sud-strazbur-kandidati-/33495184.html.

82 „Огласот за судија во Стразбур ќе биде објавен наредната недела," Телма, 25 август 2025, https://telma.com.mk/2025/08/25/oglasot-za-sudija-vo-strazbur-ke-bide-objaven-narednata-nedela/.

83 „Јавен оглас за избор на кандидати за судија на Република Северна Македонија во Европскиот суд за човекови права," Ministry of Justice of the Republic of North Macedonia, 11 септември 2025, https://www.pravda.gov.mk/vest/6871.

84 „Европскиот суд за човекови права во Стразбур ќе расправа за струшката депонија," МИА - Медиумска информативна агенција , 15 август 2025, https://bit.ly/43uZnVU.

токсичната општинска депонија во градот Струга откако домашните судови, вклучувајќи го Основниот суд Струга и Апелациониот суд Битола, се прогласија за ненадлежни да одлучуваат за предметот за општинската депонија.[85]

## Народниот правобранител

На 10 јули, Собранието на Северна Македонија гласаше за одлука за објавување јавен оглас за избор на нов Народен правобранител,[86] бидејќи мандатот на поранешниот Народен правобранител заврши на 12 јули, и официјално беше објавен на 17 јули од страна на претседателот на Собранието.[87] Следеа реакции од самиот Народен правобранител, кој истакнуваше дека постојано ги информирал и Собранието и Владата за потребата од навремено започнување на процесот на именување на новиот кандидат, и тврдеше дека нивното непостапување претставува кршење на законот што ја регулира функцијата Народен правобранител.[88]

Дополнително, Мрежата за заштита од дискриминација го повика Собранието да го заснова процесот на селекција врз заслуги, независност и транспарентност и да се воздржи од партиски договори, внимавајќи процесот да е инклузивен, отворен и усогласен со стандардите на ЕУ и националните стандарди за владеење на правото.[89] Седумнаесет кандидати се пријавија на повикот.[90]

Комисијата за избори и именувања во Собранието одржа седница на 31 јули, на која беше предложен кандидатот од коалицијата ВРЕДИ за нов Народен правобранител.[91] Мрежата за заштита од дискриминација го критикуваше изборот како политички мотивиран и нетранспарентен, предупредувајќи дека номинирањето кандидат поврзан со партија ја поткопува независноста и кредибилитетот на институцијата. Таа го повика Собранието да обезбеди отворен процес базиран на заслуги што ја штити непристрасната улога на Народниот правобранител во заштитата на правата на граѓаните од политичко влијание.[92]

Сепак, предложениот кандидат не успеа да обезбеди избор во Собранието, бидејќи не можеше да го обезбеди потребното „Бадентерово мнозинство“,[93] со што дополнително се поткопа капацитетот и независноста на институцијата. Канцеларијата на Народниот правобранител сега работи само со двајца заменици народни правобранители за целата земја.[94]

85 ‘Case of Struga illegal landfill in North Macedonia goes to Strasbourg Court’ (Случајот со нелегалната депонија во Струга во Северна Македонија оди на суд во Стразбур), Balkan Green Energy News, 11 април 2025, https://balkangreenenergynews.com/case-of-struga-illegal-landfill-in-north-macedonia-goes-to-strasbourg-court/.

86 „59 седница на Собрание на Република Северна Македонија - Одлука за распишување оглас за избор на Народен правобранител“, Собрание на Република Северна Македонија, 10 јули 2025, https://www.sobranie.mk/detali-na-materijal.nspx?param=6ba3bfae-e0bc-4142-958b-6b94753ca57d.

87 „Собранието констатира престанок на функцијата на Народниот правобранител Насер Зибери,“ 360 Степени, 17 јули 2025, https://360stepeni.mk/sobranieto-konstatira-prestanok-na-funktsijata-na-narodniot-pravobranitel-naser-ziberi/.

88 „Собранието сè уште не одредило наследник – Народниот правобранител Насер Зибери во пензија,“ ТВ 21, 15 јули 2025, https://mk.tv21.tv/sobranie-to-se-ushte-ne-odredilo-naslednik-narodniot-pravobranitel-naser-ziberi-vo-penzija/.

89 „Мрежата за заштита од дискриминација бара независно лице за Народен правобранител,“ Радио Слободна Европа, 25 јули 2025, https://www.slobodnaevropa.mk/a/33483842.html.

90 „Нов рекорд- 17 кандидати за нов Народен правобранител,“ Телма, 30 јули 2025, https://telma.com.mk/2025/07/30/nov-rekord-17-kandidati-za-nov-naroden-pravobranitel/.

91 „Фатон Сељами предложен за нов Народен правобранител,“ Канал 5, 31 јули 2025, https://kanal5.com.mk/faton-seljami-predlozhen-za-nov-naroden-pravobranitel/a710693.

92 „Мрежа за заштита од дискриминација: Функцијата Народен правобранител мора да остане надвор од партиските договори,“ Радио МОФ, 4 август 2025, https://www.radiomof.mk/mrezha-za-zashtita-od-diskriminacija-funkcijata-naroden-pravobranitel-mora-da-ostane-nadvor-od-partiskite-dogovori/.

93 „Адвокатот на граѓаните десеткуван пред избори,“ Слободен печат, 20 август 2025, https://www.slobodenpecat.mk/advokatot-na-gragjanite-desetkuvan-pred-izbori/.

94 „Кабинетот на Гаши: Потпишана е одлуката за оглас за нов Народен правобранител,“ 360 Степени, 15 јули 2025, https://360stepeni.mk/kabinetot-na-gashi-potpishana-e-odlukata-za-oglas-za-nov-naroden-pravobranitel/.

## Затворски и притворски установи

Министерството за правда го објави новиот нацрт-закон за пробација, кој носи суштински промени насочени кон подобрување на правдата, заштита на жртвите и зголемување на ефикасноста на пробациската служба.[95]

Во периодот што е предмет на овој извештај низа контроверзни случувања продолжија да ги нагласуваат хроничните проблеми во казнено-поправниот систем на Северна Македонија. Поднесено е обвинение против поранешниот директор и седум други вработени во затворот Шутка за свесно и намерно придружување на осуденици во 2024 година од затворот до нивните домови или други локации за приватни цели, спротивно на процедуралните правила.[96] Од друга страна, истиот затвор во моментов се соочува со друг проблем: Основниот кривичен суд Скопје испрати отворено писмо до раководството на затворот во врска со непридружувањето на осуденици на закажани рочишта, што доведува до одложување на предметите. Сегашниот директор на затворот одговори дека институцијата се соочува со недостиг на персонал и возила, што ги попречува процесите на обезбедување придружба.[97]

Ни другите затвори не заостануваат со инциденти. Во машкото крило на затворот Идризово, осуденик нападнал затворски полицаец,[98] додека во женското крило на затворот, 14-годишна осуденичка била држена заклучена во ќелија по 22 часа на ден бидејќи нема посебен објект за малолетнички.[99] Народниот правобранител отворил предмет во врска со детето и успеал да ја премести во Воспитно-поправниот дом Тетово во Волковија, каде што сега има цел објект на располагање само за неа.[100]

На почетокот на учебната година, Народниот правобранител изјави дека наставата во Воспитно-поправниот дом во Тетово не започнала на 1 септември. Последователно го покренал ова прашање пред Министерството за образование и наука, но тие не одговориле на неговата искажана загриженост.[101]

Според Годишната казнена статистика за затворската популација (SPACE I) на Советот на Европа за 2024 година, пренатрупаноста во затворите останува критичен предизвик во една третина од европските затворски управи, каде што вкупниот број на затвореници на 100 расположиви места се зголемил од 93,5 на 94,9 меѓу 31 јануари 2023 и 31 јануари 2024 година, додека Северна Македонија пријавила умерена пренатрупаност. [102]

---

95 „Нов предлог Закон за пробација објавен на ЕНЕР," Официјална веб-страница на Министерството за правда, 5 септември 2025, https://pravda.gov.mk/vest/6874.

96 „Обвинение против ексдиректорот и седум вработени во затворот во Шутка за незаконско изнесување осуденици," Sdk.mk, 8 јули 2025, https://sdk.mk/index.php/makedonija/obvinenie-protiv-direktorot-i-sedum-vraboteni-vo-zatvorot-vo-shutka-za-nezakonsko-iznesuvane-osudenitsi/.

97 „Кривичен суд со отворено писмо до директорот на затворот Шутка поради неспроведување на обвинети," 24.mk, 19 август 2025, https://24.mk/details/krivichen-sud-so-otvoreno-pismo-do-direktorot-na-zatvorot-shutka-poradi-nesproveduvanje-na-obvineti.

98 „Осуденик нападна затворски полицаец во Идризово," Телма, 25 август 2025, https://telma.com.mk/2025/08/25/osudenik-napadna-zatvorski-policzaecz-vo-idrizovo/.

99 „14-годишно девојче седи само во ќелија во „Идризово" по 22 часа на ден, кај Тетово има дом за малолетници без услови за девојчиња," Слободен печат, 9 септември 2025, https://www.slobodenpecat.mk/14-godishno-devojche-sedi-samo-vo-kjelija-vo-idrizovo-po-22-chasa-na-den-kaj-tetovo-ima-dom-za-maloletnici-bez-uslovi-za-devojchinja/.

100 „14-годишното девојче кое беше заклучено по 22 часа на ден во „Идризово", е префрлено во Воспитно-поправниот дом „Тетово"," Слободен печат, 9 октомври 2025, https://www.slobodenpecat.mk/14-godishnoto-devojche-koe-beshe-zaklucheno-po-22-chasa-na-den-vo-idrizovo-prefrleno-e-vo-vospitno-popravniot-dom-tetovo/.

101 „Нема настава во Воспитно-поправниот дом „Тетово" — Министерството за образование молчи за проблемот," Слободен печат, 24 септември 2025, https://www.slobodenpecat.mk/nema-nastava-vo-vospitno-popravniot-dom-tetovo-ministerstvoto-za-obrazovanie-molchi-za-problemot/.

102 'Increasing overcrowding in European prisons' (Зголемена пренатрупаност во европските затвори), Официјална веб-страница на Советот на Европа, 18 јули 2025, https://www.coe.int/en/web/portal/-/increasing-overcrowding-in-european-prisons.

Управата за извршување на санкции потпиша Меморандум за соработка со министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, за воспоставување соработка меѓу институциите заради обезбедување државно земјоделско земјиште за вршење земјоделски активности од страна на осудените лица како значаен чекор во процесот на ресоцијализација и стручно оспособување, овозможувајќи им да стекнат практични вештини во земјоделството.[103]

## Заштита на личните податоци

Во септември, Агенцијата за заштита на лични податоци (АЗЛП) потпиша меморандум за соработка со Министерството за дигитална трансформација, со кој се потврдува заемната посветеност и интерес за унапредување на соработката меѓу двете институции, особено со тоа што АЗЛП обезбедува релевантна обука и помош во почитувањето на прописите во областа за која е надлежно Министерството, односно за прописите за заштита на личните податоци.[104] Дополнително, беше организирана обука на тема безбедност при обработка на лични податоци, на која беа презентирани најновите измени и дополнувања на Регулативата за безбедност на личните податоци и детално беа разгледани обврските на контролорите и оние што ги обработуваат податоците.[105]

## Слобода на изразување

Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници (ССНМ) побара итно зголемување на минималната плата, со цел да се зштити достоинството на новинарите и медиумските работници, во општество во кое што повеќе од 50% од вработените во медиумите имаат приходи под националниот просек, а голем дел од нив заработуваат само минимална плата.[106]

Започнаа подготовките за претстојните локални избори, кои треба да се одржат во втората половина на октомври. Откако беа објавени, ААВМУ започна со мониторинг на радиодифузерите на ист начин како и пред почетокот на изборната кампања. До почетокот на изборната кампања, ААВМУ ќе врши дневен мониторинг на девет телевизиски програмски сервиси на државно ниво кои имаат најголем просечен број на гредачи до кои допираат, додека сите други програмски сервиси ќе бидат мониторирани врз основа на претставки.[107]

Координативното тело, одговорно за обработка на претставки во врска со прекршување на Кодексот на однесување во онлајн просторот за време на изборни процеси и референдуми, беше реактивирано и го одржа својот прв состанок,[108] како механизам за заштита и почитување на правото на слобода на изразување и информирање.[109]

ДИК прими вкупно 352 барања за регистрација во регистарот на радиодифузери, печатени медиуми, електронски медиуми и интернет портали за Локалните избори во 2025 год., од кои 33 се телевизиски

103 „Осудениците ќе учат земјоделие, на затворските одделенија ќе им се додели земјиште за обработка," Слободен печат, 9 септември 2025, https://www.slobodenpecat.mk/osudenicite-kje-uchat-zemjodelie-na-zatvorskite-oddelenija-kje-im-se-dodeli-zemjishte-za-obrabotka/.

104 „Потпишан Меморандум за соработка помеѓу Агенцијата за заштита на личните податоци и Министерството за дигитална трансформација," 5 септември 2025, https://bit.ly/47GejmE.

105 „Обука за „Безбедност на обработката на личните податоци," Агенција за заштита на лични податоци на Северна Македонија, 30 септември 2025, https://bit.ly/47R-zOPX.

106 „ССНМ бара зголемување на минималната плата за да се зачува слободата на медиумите и достоинството на новинарите," Радио МОФ, 7 август 2025, https://www.radiomof.mk/ssnm-bara-zgolemuvanje-na-minimalnata-plata-za-da-se-zachuva-slobodata-na-mediumite-i-dostoinstvoto-na-novinarite/.

107 „АВМУ ќе врши мониторинг на медиумското известување во предизборниот период," Официјална веб-страница на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, 9 август 2025, https://bit.ly/3LuncqC.

108 „Одржан состанок на Координативното тело за пријавување и постапување по претставки за време на избори или референдум," Официјална веб-страница на Кодексот на однесување во онлајн просторот за време на изборни процеси и референдуми, 21 август 2025, https://bit.ly/47I0XEZ.

109 „Реактивиран механизмот за жалби поврзани со изборните активности во онлајн просторот," Вистиномер, 14 август 2025, https://bit.ly/4nHJkuZ.

станици, 42 се радио станици, осум се печатени медиуми и 246 се интернет портали. Приближно 6,5 милиони евра ќе бидат потрошени за платено политичко рекламирање во медиумите, или 66% од вкупниот буџет на ДИК за локалните избори.[110]

Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ) предупреди дека актуелниот Изборен законик не предвидува јасни критериуми за тоа кои онлајн медиуми смеат да добиваат средства за платено политичко рекламирање, што создава простор за потенцијална корупција меѓу партиите и медиумите, бидејќи некои од „порталите" се веб-страници со непознат сопственик или без импресум, честопати формирани пред самите избори со единствена цел да се влеваат државни пари во партиски кампањи.[111] Од друга страна, политичките партии што учествуваат на изборите ја обвинија ААВМУ дека им оневозможува пристап до рекламирање во традиционалните медиуми на национално ниво пред изборите.[112]

Во септември се појавија обвинувања за незаконско следење од страна на НСА, која поднесе кривична пријава до Основното јавно обвинителство, тврдејќи дека претходен директор на НСА ги следел медиумите и контакти поврзани со опозицијата.[113] ССНМ и ЗНМ реагираа со загриженост, нагласувајќи дека секое прикриено следење на новинари или медиумски работници претставува сериозна закана за слободата на изразување, правото на граѓаните на информации и демократијата.[114] Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција изјави дека го истражува случајот.[115]

Во текот на ова тромесечје, имаше неколку инциденти во кои новинари и медиумски екипи беа нападнати. Медиумска екипа која известуваше за депонија која се запали на почетокот на јули,[116] беше физички нападнати, а нивната опрема уништена.[117] ЗНМ[118] и ССНМ[119] го осудија овој инцидент, а Основното јавно обвинителство Скопје поднесе обвинение,[120] врз основа на кое Кривичниот суд Скопје им изрече условна затворска казна на обвинетите.[121] Други случаи на притисок врз медиумите вклучуваат онлајн вознемирување на новинарка,[122] и полицајци кои пристапувале и барале документи за идентификација од новинари додека известувале за настан од висок јавен интерес, дури и кога било очигледно дека станува збор за медиумски работници со професионална опрема.[123]

110 „За рекламирање за локалните избори во ДИК регистрирани 246 портали, 33 телевизии и 42 радиостаници, ќе се потрошат 6,5 милиони евра од буџетот," Sdk.mk, 23 август 2025, https://sdk.mk/index.php/makedonija/za-reklamirane-za-lokalnite-izbori-vo-dik-registrirani-246-portali-33-televizii-i-42-radiostanitsi-ke-se-potroshat-6-5-milioni-evra-od-budhetot/.

111 „ЗНМ алармира: Недостигот на правила за платена политичка реклама во онлајн медиумите создава корупциски ризици," Официјална веб-страница на Здружението на новинари на Македонија, 15 август 2025, https://bit.ly/4oq5T8E.

112 „Апасиев: Владата сака да ја оштети Левица за 400.000 евра и да ѝ забрани пристап до националните медиуми," Слободен печат, 24 септември 2025, https://www.slobodenpecat.mk/apasiev-vladata-saka-da-ja-oshteti-levica-za-400-000-evra-i-da-%d1%9d-zabrani-pristap-do-nacionalnite-mediumi/.

113 „АНБ пријавила пред Обвинителството поранешен директор, истражила дека следел некои медиуми и нивни контакти од опозицијата," Sdk.mk, 29 август 2025, https://sdk.mk/index.php/makedonija/anb-prijavila-pred-obvinitelstvoto-poraneshen-direktor-istrazhila-deka-sledel-nekoi-mediumi-i-nivni-kontakti-od-opozitsijata/.

114 „ЗНМ и ССНМ: Потребно е целосно расветлување на сомнежите за прислушување на новинари," Официјална веб-страница на Здружението на новинари на Македонија, 2 септември 2025, https://bit.ly/47zzir2.

115 „Спасовски бара итна истрага за следењето, Реџепи одбива да свика комисиска седница", Телма, 3 септември 2025, https://telma.com.mk/2025/09/03/spasovski-bara-itna-istraga-za-sledeneto-redhepi-odbiva-da-svika-komisiska-sednicza/.

116 „Чадот од Визбегово го „задуши" Скопје", Дојче Веле, 9 јули 2025, https://www.dw.com/mk/cadot-od-vizbegovo-go-zadusi-skopje-gorat-stari-vozila-i-se-slusaat-detonacii/a-73213399.

117 „Нападната новинарска екипа во Визбегово, ги спречиле да известуваат за пожарот," ТВ 21, 9 јули 2025, https://mk.tv21.tv/napadnata-novinarska-ekipa-vo-vizbegovo-gi-sprechile-da-izvestuvaat-za-pozharot/.

118 „ЗНМ: Остра осуда за нападот врз новинарска екипа на АЛСАТ М во Визбегово," Официјална веб-страница на Здружението на новинари на Македонија, 9 јули 2025, https://bit.ly/4408mhT.

119 „ССНМ: Остра осуда за нападот врз екипата на Алсат М," Официјална веб-страница на Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници, 10 јули 2025, https://ssnm.org.mk/soopstenija/ssnm-ostra-osuda-za-napadot-vrz-ekipata-na-alsat-m.

120 „Нападот врз новинарите во Визбегово – Обвинителството поднесе обвинение против две лица," ТВ 21, 15 јули 2025, https://mk.tv21.tv/napadot-vrz-novinarite-vo-vizbegovo-obvinitelstvoto-podnese-obvinenie-protiv-dve-litsa/.

121 „Условна казна за напад на новинарска екипа добија сопствениците на депонијата во Визбегово," Радио Слободна Европа, 25 јули 2025, https://www.slobodnaevropa.mk/a/33483567.html.

122 „ССНМ го осудува и бара онлајн малтретирањето на новинарката Мирослава Симоновска веднаш да престане," Радио МОФ, 15 август 2025, https://www.radiomof.mk/ssnm-go-osuduva-i-bara-onlajn-maltretiranjeto-na-novinarkata-miroslava-simonovska-vednash-da-prestane/.

123 „ЗНМ и ССНМ изразуваат загриженост за постапувањето на полициските службеници кон новинарите во Демир Хисар," Радио МОФ, 12 август 2025, https://www.radiomof.mk/znm-i-ssnm-izrazuvaat-zagrizhenost-za-postapuvanjeto-na-policiskite-sluzhbenici-kon-novinarite-vo-demir-hisar/.

## Ранливи групи и начелото на недискриминација

Во периодот помеѓу јули и септември, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) донесе неколку одлуки и мислења. Во јули, КСЗД издаде општа препорака до општините, повикувајќи ги да преземат системски и недискриминаторски мерки и активности за да обезбедат соодветно домување, урбанистичко планирање, легализација на домови, поврзување со јавна инфраструктура, како и административна поддршка и услуги за припадниците на населението што живеат во неформални и супстандардни населби, особено за Ромите.[124] Исто така донесе неколку одлуки со кои се утврдува директна и индиректна дискриминација по различни основи, вклучувајќи ги следниве случаи: отпуштање на текстилна работничка откако побарала боледување за да се грижи за своето двегодишно дете;[125] отпуштање на работничка откако кажала дека е бремена;[126] дискриминација врз основа на пол и возраст;[127] дискриминација во областа на пристапот до здравствена заштита врз основа на попреченост во неколку психијатриски болници;[128] отпуштање на наставник по физичко образование врз основа на неговата претпоставена политичка припадност;[129] дискриминација во областа на пристапот до соодветно домување за маргинализирани групи, претежно граѓани Роми, во различни општини.[130]

Во периодот што е предмет на извештајот имаше неколку случувања, вклучително и во законодавството, а поврзани со правата на лицата со попреченост. Во јули, Министерството за образование и наука (МОН) објави дека, за прв пат, образовни асистенти ќе бидат вработени не само во основните училишта, туку и во средните училишта, почнувајќи од септември 2025 г., по неодамнешните законски измени насочени кон подобрување на инклузивноста во образовниот систем.[131] Сепак, министерката дополнително изјави дека постојаното вработување на образовни асистенти не е можно,[132] и покрај реакциите од родителите и образовните асистенти.[133] Јавниот оглас за образовни асистенти во средното образование беше објавен на 5 август.[134] Во контекст на локалните избори закажани за 19 октомври, спроведувањето на судската одлука од Апелациониот суд Скопје не успеа, при што има многу постојни недостатоци во остварувањето на правото на глас, вклучително и на многу избирачки места кои сè уште не обезбедуваат физичка пристапност, додека институциите и партиите не се соочуваат со никакви законски механизам за да се обезбеди усогласеност со прописите.[135]

124 „Општа препорака за домување," Комисија за спречување и заштита од дискриминација, 9 јули 2025, https://bit.ly/4p5oKG3.

125 „Конфекциска работничка избркана од работа зашто побарала боледување за да се грижи за двегодишното дете со сипаници," Сакам да кажам, 19 јули 2025, https://sdk.mk/index.php/makedonija/konfektsiska-rabotnichka-izbrkana-od-rabota-zashto-pobarala-boleduvane-za-da-se-grizhi-za-dvegodishnoto-dete-so-sipanitsi/.

126 „Мислење бр.08-352/6," Комисија за спречување и заштита од дискриминација, 23 септември 2025, https://bit.ly/43oc6JV.

127 „Жена доби случај за дискриминација откако пријави скопска фирма која забранува на оглас за финансиски менаџер да се пријавуваат мажи," Сакам да кажам, 28 септември 2025, https://sdk.mk/index.php/neraskazhani-prikazni/zhena-dobi-sluchaj-za-diskriminatsija-otkako-prijavi-skopska-firma-koja-zabranuva-na-oglas-za-finansiski-menadher-da-se-prijavuvaat-mazhi/.

128 „Мислење бр.08-29/15," Комисија за спречување и заштита од дискриминација, 1 септември 2025, https://bit.ly/43Xyie0.

129 „Мислење бр.08-556/6," Комисија за спречување и заштита од дискриминација, 19 септември 2025, https://bit.ly/4qX8itc.

130 „Мислење бр.08-46/2," Комисија за спречување и заштита од дискриминација, 7 јули 2025, https://bit.ly/47DCCl9.

131 „Од септември за прв пат образовни асистенти ќе има и во основните и во средните училишта, најмногу досега, соопшти МОН," Новинска агенција Макфакс, 15 јули 2025, https://bit.ly/4i04sLR.

132 „Јаневска: Нема трајно вработување за образовните асистенти," Радио Слободна Европа, 20 јули 2025, https://www.slobodnaevropa.mk/a/33477668.html.

133 „Родители и специјални едукатори извисени со новиот бран вработувања на образовни асистенти," Радио МОФ, 19 јули 2025, https://www.radiomof.mk/roditeli-i-specijalni-edukatori-izviseni-so-noviot-bran-vrabotuvanja-na-obrazovni-asistenti/.

134 „Јавен оглас за вработување на 83 образовни асистенти," ДСУ за рехабилитација и образование „Св. Наум Охридски", 6 август 2025, https://www.dsu-svnaumohridski.edu.mk/aktivnost/85874/javen-oglas-za-vrabotuvanje-na-83-obrazovni-asistenti/.

135 „Џабе судска пресуда, нема кој да им каже на партиите да изработат изборен материјал за лицата со попреченост и на општините да ставаат рампи за инвалидски колички на избирачките места," Сакам да кажам, 12 август 2025, https://bit.ly/4nTByya.

Покрај тоа, имаше јавни барања за поедноставени процедури за документација при аплицирање за финансиска помош, нагласувајќи ги бирократските бариери со кои се соочуваат многу граѓани со попреченост.[136] Исто така, родителите и старателите бараат формално признавање на професијата „родител-старател“, со што ќе се обезбеди нивна социјална заштита и работнички права.[137]

Во јули, Владата на Северна Македонија предложи измени на Законот за вработување на лица со попреченост, со што ќе се овозможи вработување на лица со аутистичен спектар на нарушувања и лица со други первазивни развојни нарушувања.[138] Покрај тоа, во септември, Собранието на Северна Македонија го усвои Законот за пристапност на веб-страниците и мобилните апликации на институциите од јавниот сектор,[139] но законот сѐ уште го исклучува приватниот сектор и ја изоставува покриеноста со дигитални асистивни уреди, кои во голема мера остануваат недостапни или неподдржани од државата.[140]

## Род

Министерот за правда објави дека со најновите предложени измени на Кривичниот законик, сторителите на семејно насилство ќе бидат гонети по службена должност, дури и без жртвата да поднесе жалба, со што се прави системска промена што ги ослободува жртвите од притисок и страв од одмазда.[141]

Премиерот објави дека Владата размислува за воведување дополнителни даноци за самци и невенчани лица поради демографските предизвици со кои се соочува земјата, мерено преку помалку склучени бракови и помалку раѓања на деца.[142] Мрежата за заштита од дискриминација реагираше наведувајќи дека тоа е закана за основните човекови права и принципите на еднаквост и слобода, и дека таков данок би ги оптоварил младите луѓе, самохраните родители, ЛГБТИ+ лицата и оние кои се социјално и економски ранливи.[143]

Во друга пригода, Платформата за родова еднаквост одговори на нацрт-измените на Законот за полиција, кои беа доставени до Собранието, а кои предлагаа укинување на одредбата што обврзува почитување на принципот на еднаквост при вработување во рамките на полицијата. Во одговорот се наведува дека укинувањето на овој член испраќа опасна порака дека родовата еднаквост и инклузивноста се нерелевантни во изградбата на безбедносните институции, а таквиот предлог предизвикува сериозна загриженост поради бројните случаи на несоодветен третман и неефикасна заштита од страна на полицијата, особено во случаи на родово базирано и семејно насилство.[144]

136 „Помалку документација за добивање помош побараа лицата со попреченост,“ Независен, 10 јули 2025, https://nezavisen.mk/pomalku-dokumentacija-za-dobivanje-pomosh-pobaraa-licata-so-poprechenost/.

137 „Да се признае професија родител-негувател, бараат родителите на деца со попреченост“, Телма, 12 јули 2025, https://telma.com.mk/2025/07/12/da-se-priznae-profesija-roditel-neguvatel-baraat-roditelite-na-decza-so-poprechenost/.

138 „Предлог на Закон за изменување на законот за вработување на инвалидни лица,“ Собрание на Република Северна Македонија, 25 јули 2025, https://www.sobranie.mk/detali-na-materijal.nspx?param=c0ef645f-0d64-4103-8e5a-b3e8d2690957.

139 Указ за прогласување на Законот за пристапност на веб-страниците и мобилните апликации на институциите од јавниот сектор, Службен весник на Република Северна Македонија бр. 193/2025 (2025), https://portal.mdt.gov.mk/post-body-files/zakoni-mdt-file-YJSL.pdf.

140 „Прв клик кон пристапноста - институциите ќе ги прилагодат сајтовите за лицата со попреченост, но нееднаквоста останува,“ Prizma.mk, 19 август 2025, https://prizma.mk/prv-klik-kon-pristapnosta/.

141 „Семејното насилство ќе се гони по службена должност со новите измени во Кривичниот закон,“ Сител, 15 јули 2025, https://sitel.com.mk/semejnoto-nasilstvo-kje-se-goni-po-sluzhbena-dolzhnost-so-novite-izmeni-vo-krivichniot-zakon.

142 „Размислуваме за дополнителни даноци за немажени и неженети, рече Мицкоски,“ Sdk.mk, 4 јули 2025, https://sdk.mk/index.php/makedonija/razmisluvame-za-dopolnitelni-danotsi-za-nemazheni-i-nezheneti-reche-mitskoski/.

143 „Владата не знае колкав ќе биде данокот за немажени и неженети и од која возраст ќе се плаќа, велат дека мерката уште е во фаза на размислување,“ Sdk.mk, 5 јули 2025, https://sdk.mk/index.php/makedonija/vladata-ne-znae-kolkav-ke-bide-danokot-za-nemazheni-i-nezheneti-i-od-koja-vozrast-ke-se-plaka-velat-deka-merkata-ushte-e-vo-faza-na-razmisluvane/.

144 „Реакција: Укинувањето на член 96 од Законот за полиција е опасен чекор наназад: еднаквоста, застапеноста и довербата во полицијата не смеат да бидат доведени во прашање,“ Официјална веб-страница на Платформата за родова еднаквост, 17 јули 2025, https://bit.ly/3LYTB8M.

Комисијата за заштита на жените од дискриминација поднесе тужба против Владата и Министерството за здравство пред Основниот граѓански суд Скопје, бидејќи не ги вклучиле земјоделките во одредбата од Законот за здравствено осигурување во која се наведени корисниците на надомест за породилно отсуство. Иако постои годишна програма за издвојување средства за надомест за породилно отсуство за земјоделките, сѐ уште не е постигнато систематско решение на ова прашање.[145]

На почетокот на септември, Националната мрежа за борба против насилството врз жените и семејното насилство, заедно со Хелсиншкиот комитет за човекови права, организираше работилница на која официјално беше формирано мултисекторското тело за следење на случаите на фемицид и обиди за фемицид. Овој чекор беше преземен за да се обезбеди систематски и координиран пристап кон превенцијата и следењето на фемицидот, како и креирање политики за подобра заштита и спречување на родово заснованото насилство.[146]

Кон крајот на септември се одржа конститутивната седница на Националното координативно тело за спроведување на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство, на која беа презентирани сите документи и активности усвоени и спроведени до тој момент.[147]

Комисијата за паричен надоместок на жртви од кривично дело со насилство прими вкупно 54 барања за компензација од жртви на насилство; меѓутоа, одобри само една исплата од 500 евра, додека останатите беа одбиени како неосновани (32) или се во тек (21).[148]

На 11 јули, додека вршеше увид на диво градилиште, градоначалничката на Градот Скопје беше физички нападната и изложена на закани.[149] Според нејзиниот исказ, напаѓачите вербално ѝ се заканиле со силување и убиство на нејзиното семејство и ја клоцале пред полициски службеници кои не интервенирале.[150] Националната мрежа за борба против насилството врз жените и семејното насилство остро го осуди нападот, наведувајќи дека истиот претставувал напад врз достоинството на жените воопшто, а исто така покажал дека заканите, омаловажувањето и насилството сѐ повеќе се насочени кон политичарките.[151] Полицијата приведе двајца осомничени, додека Основното јавно обвинителство Скопје поднесе обвинение против едно лице за насилство.[152] Основниот кривичен суд во Скопје го прогласи обвинетиот за виновен и го осуди на две години затвор.[153]

145 „Поднесена тужба против државата зашто земјоделките немаат породилно отсуство," Sdk.mk, 18 јули 2025, https://sdk.mk/index.php/makedonija/podnesena-tuzhba-protiv-drzhavata-zashto-zemjodelkite-nemaat-porodilno-otsustvo/.

146 „Опсерваторијата за фемициди: Нов механизам за заштита и превенција," Официјална веб-страница на Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство, 9 септември 2025, https://glasprotivnasilstvo.org.mk/opservatorijata-za-femitsidi-nov-mehanizam-za-zashtita-i-preventsija/.

147 „Одржана конститутивна седница на Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на Совет на Европа за спречување и борба против насилство врз жените и семејното насилство," Официјална веб-страница на Министерството за социјална политика, демографија и млади, 25 септември 2025, https://www.mtsp.gov.mk/pocetna-ns_article-odrzana-konstitutivna-sednica-na-nacionalnoto-koordinativno-telo-za-implementacija-na-konvencijata-n.nspx.

148 „Од 54 барања за надомест на жртви на насилство и за убиство на блиски, државата одобрила само една исплата од 500 евра", Sdk.mk, 29 септември 2025, https://sdk.mk/index.php/neraskazhani-prikazni/od-54-barana-za-nadomest-na-zhrtvi-na-nasilstvo-i-za-ubistvo-na-bliski-drzhavata-odobrila-samo-edna-isplata-od-500-evra/.

149 „Градоначалничката Данела Арсовска нападната во Чаир," Дојче Веле, 11 јули 2025, https://www.dw.com/mk/gradonacalnickata-na-skopje-danela-arsovska-napadnata-vo-cair-mi-se-zakanuvaa-na-mene-i-moeto-semejstvo/a-73244229.

150 „Градоначалничката Арсовска доби 24-часовно полициско обезбедување," Радио Слободна Европа, 12 јули 2025, https://www.slobodnaevropa.mk/a/arsovska-napad-policija/33472367.html.

151 „Националната мрежа против насилство врз жени со најостра осуда за бруталниот напад врз градоначалничката Данела Арсовска," Макфакс, 11 јули 2025, https://bit.ly/4pltdET.

152 „Поднесено обвинение за мажот кој ја навредуваше, па и се заканување на Данела Арсовска," А1 Оn, 18 јули 2025, https://a1on.mk/macedonia/podneseno-obvinenie-za-mazhot-koj-ja-navreduvashe-pa-i-se-zakanuvashe-na-danela-arsovska/.

153 „Напаѓачот на градоначалничката Данела Арсовска доби две години затвор," Радио МОФ, 2 септември 2025, https://www.radiomof.mk/napagjachot-na-gradonachalnichkata-danela-arsovska-dobi-dve-godini-zatvor/.

На 15 септември во Велес, една жена и нејзиниот татко беа убиени од нејзиниот поранешен партнер, кој потоа изврши самоубиство.[154] Таа претходно во повеќе наврати пријавила закани и насилство од нејзиниот поранешен партнер, вклучувајќи закани кон нејзиното семејство, како и физички напади врз неа и оштетување на имот.[155] Иако полицијата била известена, институционалните мерки се чини дека биле недоволни за да се спречи фаталната ескалација. Министерството за внатрешни работи покрена дисциплински постапки против 11 полицајци поради непостапување по тие жалби,[156] додека граѓаните реагираа на трагедијата со организирање протест поради нивното непостапување.[157]

## Правата на детето

На 8 август, Владата на Северна Македонија го усвои Националниот акциски план за правата на децата 2025–2029, преземајќи значаен чекор кон исполнување на своите обврски кон Комитетот на ОН за правата на детето и спроведување на Европската детска гаранција. Клучна компонента на планот е воспоставување национален механизам за координација и следење на спроведувањето на Конвенцијата на Обединетите нации за правата на детето (UNCRC) преку измени на Законот за заштита на децата. Со ова ќе се формира специјализирано тело за следење на правата на децата, кое ќе биде задолжено за координирање на спроведувањето на планот, како и за обезбедување системски надзор над спроведувањето на Конвенцијата.[158]

## ЛГБТИ+

Платформата за родова еднаквост имаше јавен оглас пред локалните избори во 2025 година со барање до сите политички партии да усвојат достоинствени локални политики за маргинализираните заедници, вклучувајќи ги лезбејските, геј, бисексуалните, трансродовите и интерсексуалните заедници (ЛГБТИ+) и други кои се на раскрсницата на социјалната неправда.[159] Во јули, МОН објави правилник за начинот на пријавување и заштита на ученици кои се жртви на насилство, злоупотреба и запоставување (основно образование),[160] на што Платформата за родова еднаквост излезе со реакција, критикувајќи го Министерството за тоа што не ги приоритетизира мерките за справување со насилството, дискриминацијата и исклучувањето во образованието, тврдејќи дека новиот правилник ги нормализира штетните практики, наместо да ги спречува, особено за учениците кои припаѓаат на ЛГБТИ+ заедницата.[161]

154 „МВР за ужасот во Велес: Убиецот им отишол дома и со нож ги убил поранешната девојка и нејзиниот татко," Слободен печат, 15 септември 2025, https://www.slobodenpecat.mk/mvr-za-uzhasot-vo-veles-ubiecot-im-otishol-doma-i-so-ostar-predmet-gi-ubil-poraneshnata-sopruga-i-nejziniot-tatko/.

155 „Нови детали за велешката трагедија: жртвата повеќепати пријавувала насилство," 24 Инфо, 15 септември 2025, https://24info.mk/novi-detali-za-veleshkata-tragedija-zhrtvata-povekepati-prijavuvala-nasilstvo/.

156 „Дисциплинска постапка за 11 велешки полицајци – Не постапувале по пријавите на Росица," Слободен печат, 26 септември 2025, https://www.slobodenpecat.mk/disciplinska-postapka-za-11-vraboteni-vo-svr-veles-ne-postapuvale-po-prijavite-na-rosica/.

157 „Протест пред МВР и во паркот на жената борец во Скопје по убиството на 31-годишната Росица и татко ѝ," Sdk.mk, 18 септември 2025, https://sdk.mk/index.php/makedonija/protest-pred-mvr-i-vo-parkot-na-zhenata-borets-vo-skopje-po-ubistvoto-na-31-godishnata-rositsa-i-tatko/.

158 „Усвоен Националниот акциски план за правата на децата (2025–2029) - системски исчекор за заштита и унапредување на детските права," Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија, 8 август 2025, https://www.mtsp.gov.mk/pocetna-ns_article-usvoen-nacionalniot-akciski-plan-za-pravata-na-decata-2025-2029-sistemski-iscekor-za-zashtita-i-unap.nspx.

159 „Проглас за претстојните локални избори 2025: Достоинствени локални политики за маргинализираните заедници," Платформа за родова еднаквост, 5 септември 2025, https://bit.ly/4oyDWLT.

160 „Правилник за начинот за пријавување и заштита на ученик-жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување (основно образование)'", Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија, 7 јули 2025, https://arhiva.mon.gov.mk/content/?id=10254.

161 „Реакција: Справувањето со насилството нема свое место во политиките на МОН," Платформа за родова еднаквост, 12 септември 2025, https://bit.ly/3LK3Hud.

## Роми

По својата посета во април, комесарот за човекови права на Советот на Европа објави меморандум за Северна Македонија во кој се разгледуваат човековите права на Ромите и правото на чиста и здрава животна средина.[162] Извештајот го препознава напредокот, вклучително и усвојувањето на Стратегијата за вклучување на Ромите 2022-2030 и подобрувањата во запишувањето во основните училишта, но ги истакнува постојаните недостатоци во имплементацијата, континуираната дискриминација, сегрегацијата во училиштата и слабата заштита од полициска злоупотреба. Исто така, нагласува дека ромските заедници се непропорционално изложени на еколошки опасности поради несоодветно домување и управување со отпад. Иако Северна Македонија има солидна законска рамка за заштита на животната средина, спроведувањето и пристапот до правдата остануваат ограничени. Комесарот повика на посилна институционална координација, зголемено финансирање на локално ниво, отчетност во спроведувањето на законот и целосна имплементација на мерките за животна средина и вклучување на Ромите. Во овој поглед, министерот без ресор задолжен за вклучување на Ромите и спроведување на Стратегијата за вклучување на Ромите 2022-2030, исто така, изјави дека борбата против антициганизмот во Северна Македонија бара системски и сеопфатен одговор, а не изолирани иницијативи.[163]

Во јули беше донесена значајна судска пресуда: Основниот граѓански суд Скопје утврди дека неуспехот на Управата за водење на евиденција да ги интегрира лицата од „посебната матична книга на родени“ во редовната матична книга на родени претставува дискриминација, и несразмерно ги погодува Ромите кои како резултат на ова немале пристап до права и услуги.[164] Кон крајот на јули, МОН објави два јавни огласи за учебната 2025-2026 година: еден за ангажирање на 50 ромски образовни медијатори за поддршка во основното образование и нов оглас за ангажирање на 35 медијатори за прв пат во средното образование.[165] Во август, Комитетот за човекови права на Обединетите нации (ОН) утврди дека Северна Македонија ги прекршила правата на двајца граѓани Роми на граничниот премин кај Табановце. Во два случаи, во 2014 и 2015 година, не им било дозволено да ја напуштат земјата и покрај тоа што имале важечки пасоши и документација.[166]

Во септември, директорот на Дирекцијата за заштита и спасување при Владата на Република Северна Македонија изјави на јавен настап дека ромските семејства што живеат во дивата населба Вардариште треба да бидат иселени „по кратка постапка, ако е потребно и на сила“.[167] Оваа изјава следеше откако избувна голем пожар на депонијата Вардариште. Народниот правобранител нагласи дека државата мора да бара соодветни и одржливи решенија за домување, наместо да прибегнува кон присилни иселувања, критикувајќи ги јавните изјави во кои се повикува на присилно селење на ромските заедници како стигматизирачки, дискриминаторски и спротивни на Уставот, Стратегијата за вклучување на Ромите 2022-2030 и меѓународното право за човекови права.[168]

162 'Memorandum on the human rights of Roma and on issues related to the right to a clean and healthy environment in North Macedonia' (Меморандум за човековите права на Ромите и за прашања поврзани со правото на чиста и здрава животна средина во Северна Македонија), Комесар за човекови права на Советот на Европа, 29 јули 2025, https://rm.coe.int/memorandum-on-north-macedonia-by-michael-o-flaherty-council-of-europe-/1680b6bc39.

163 „Потребна е системска акција во борбата против антициганизмот," Nezavisen.mk, 15 јули 2025, https://nezavisen.mk/potrebna-e-sistemska-akcija-vo-borbata-protiv-anticiganizmot/.

164 „Клучна судска пресуда за Ромите во ризик од бездржавјанство во Северна Македонија," Македонско здружение на млади правници, 17 јули 2025, https://myla.org.mk/51418/.

165 „МОН објави два повика за ромски образовни медијатори, за првпат и во средно образование," Радио МОФ, август 1, 2025, https://bit.ly/4qXSLZY.

166 "UN Human Rights Committee condemns North Macedonia for anti-Roma discrimination at borders (Комитетот за човекови права на ОН ја осудува Северна Македонија за дискриминација на Ромите на границите)," European Roma Rights Centre, 27 август 2025, https://bit.ly/49PUmLn.

167 „Стојанче Ангелов „по кратка постапка и на сила ќе ги сели Ромите од Вардариште" – Шукова со реакција: Ова е врв на нечовечноста и го открива вистинското лице на оваа власт," Civil Media, 16 септември 2025, https://civilmedia.mk/stojanche-angelov-po-kratka-postapka-i-na-sila-ke-gi-seli-romite-od-vardarishte-shukova-so-reaktsija-ova-e-vrv-na-nechovechnosta-i-go-otkriva-vistinskoto-litse-na-ovaa-vlast/.

168 „Потребни се решенија за достоинствено домување, а не присилно иселување, вели Народниот правобранител," 360 Степени, 17 септември 2025, https://360stepeni.mk/potrebni-se-reshenija-za-dostoinstveno-domuvane-a-ne-prisilno-iseluvane-veli-narodniot-pravobranitel/.

